СОЕПТУ
Кузман
Јосифоски
Питу

Ваш избор, Ваша иднина!

# П Р Е П О Р А К А

**За Христина Нунеска**

Ученичка во СОЕПТУ„Кузман Јосифоски-Питу“Прилеп

**Почитувани,**

Како професор и ментор на ученичката Христина Нунеска, особено задоволство ми беше да ја напишам оваа препорака, бидејќи соработката со неа за мене претставува едно прекрасно искуство. Таа е прекрасна амбициозна и коректна личност, која своето време рационално го користи за проширување и продлабочување на знаењата. Таа е вистински пример за ученик, секогаш подготвена да им помогне на другите и да соработува со секого, секогаш подготвена да ги води и организира најразличните активности во училиштето и надвор од него.

Во споредба со другите ученици, секогаш се истакнуваше со своите исклучителни интелектуални способности. Нејзината личност се одликува со: самодоверба, упорност, решителност, креативност, способности за организирање и лидерство, особено изразени комуникациски способности.

Не се плаши од неизвесноста, таа е подготвена да открива, секогаш со нови идеи и секогаш подготвена за дополнителна работа. Секој проблем, за неа е вистински предизвик. Трудољубива и одговорна во својата работа, навремено и педантно ги извршува своите обврски и задачи и е крајно доверлива.

Во едно сум навистина длабоко убедена, дека пред се, Христина секоја работа ја работи со љубов и целосна посветеност.

Искрено се надевам дека ќе и биде овозможено лично да ги докаже своите способности, вештини и знаења.

***Ментор***

***Проф. Цветанка Димоска***